MКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Број 6 Година XVIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, февруари 2024

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055-902*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Мислење по донесениот Детален Урбанистички План СЗ 16 во Општина Ѓорче Петров Скопје**

1.Се објавува Мислење по донесениот Детален Урбанистички План СЗ 16 во Општина Ѓорче Петров Скопје, донесено на четириесет и третата седница (вонредна) на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 февруари 2024 година.

2.Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош.“

Број: 11-1787/1
Датум:21.02.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002) ,член 148 од Деловникот на Општина Карпош („ Службен гласник на Општина Карпош “ бр.03/06), како и врз основа на Иницијативите поднесени од Градоначалникот на Општина Карпош и дел од члeновите на Советот на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош на четириесет и третата седница (вонредна), одржана на 20 февруари 2024 година, донесе

**МИСЛЕЊЕ**
**по донесениот Детален Урбанистички План СЗ 16 во Општина Ѓорче Петров Скопје**

1. Советот на Општина Карпош се противи на донесениот Детален урбанистички план СЗ 16 во Општина Ѓорче Петров кој согласно опфатот, се наоѓа на границата на Општина Карпош, со урбаната заедница Влае, Општина Карпош, од причина што истиот ги загрозува интересите на граѓаните на Општина Карпош.

2. Советот на Општина Карпош особено се противи на начинот на донесувањето на предметниот ДУП, како и на процедурата во која е донесен истиот.

3. Советот на Општина Карпош ги задолжува стручните служби на Општина Карпош и Градоначалникот на Општина Карпош да поведат постапка пред Уставниот Суд, за оспорување на предметниот ДУП СЗ 16 Општина Ѓорче Петров, со цел заштита на интересите на граѓаните на Општина Карпош.

4. Ова мислење стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1713/5** | ПРЕТСЕДАТЕЛ
**Датум:20.02.2024 година** | НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Скопје** | Бранко Ристов, с.р.

СОДРЖИНА

1. Мислење по донесениот Детален Урбанистички План СЗ 16 во Општина Ѓорче Петров Скопје, со Решение за објавување.

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци